22538

НОВА МАКЕДОНИЈА
24 ОКТОМВРИ 1975 ГОД.
СТРАНИЦА 11



**Во Салонот на Центарот за култура и информации на Скопје**

# ЦРТЕЖИ И ГРАФИКИ НА ДРАГАН ПОПОВСКИ — ДАДА

Во Изложбениот салон на Центарот за култура и информации на град Скопје е отворена самостојната изложба на цртежи и графики на академскиот скулптор **Драган Поповски — Дада.** Тој се претставува со 20-тина цртежи и 7 графики настанати во 1974 година и во изминатите месеци на годинава.

Неговите цртежи, всушност, претставуваат студии за скулптури, што уметникот ќе ги реализира во нај скоро време, бидејќи му претстои самостојна изложба на скулптури во Скопје.

Поголемиот дел од цртежите и графиките се настанати за време на студискиот престој на **Драган Поповски — Дада** во Англија, каде што имаше самостојна изложба во Харогејт и беше застапен на групната изложба во Илкли.

Оваа самостојна изложба Поповски — Дада целосно ќе ја пренесе во Пиран, СР Словенија во текот на март идната година, а оттаму во Јорк Англија во текот на мај.